# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството за пациентот содржи:**

1. *Што претставува **Prinorm®/Принорм®** и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го земете / употребите **Prinorm®/Принорм®***
3. *Како да го земате / употребувате **Prinorm®/Принорм®***
4. *Можни несакани дејства (реакции) на **Prinorm®/Принорм®***
5. *Чување и рок на употреба на **Prinorm®/Принорм®***

## PRINORM® / ПРИНОРМ®

100 mg таблета

*atenololum*

***Активна супстанција:*** атенолол.

**Prinorm®/Принорм®**- 1 таблета содржи 100 mg атенолол.

***Помошни супстанции:***

Калциум хидроген фосфат,дихидрат ;скроб,прежелатинизиран; кроскармелоза натриум; целулоза,микрокристална;натриум лаурил сулфат и магнезиум стеарат.

**Носител на одобрение за ставање на лекот во промет:**

Галеника а.д. Претставништво Скопје, 1 000 Скопје, Република Македонија, ул. Лермонтова бр. 3/4/10

**Производител на лекот:**

Галеника а.д., 11 080 Белград, Република Србија, Батајнички друм б.б.

## 1. Што претставува Prinorm®/Принорм® и за што се употребува

**Фармацевтска дозирана форма**

Таблета.

**Состав**

1 таблета содржи 100 mg атенолол.

**Објаснување**

Округли,биконвексни таблети,со скоро бела боја со назначена поделба на едната страна и натпис „ПРИНОРМ„ на другата страна.

**Содржина на пакувањето**

2 PVC/AL блистери со по 7 таблети во кутија.

**Prinorm®/Принорм®** припаѓа на групата лекови кои се викаат бета блокатори.Се применува во :

-лекување на хипертензија(зголемен крвен притисок)

-лекување на аритмија(нарушување на срцевиот ритам)

-превенција на ангинозни напади(спречување на појава на болка воградите),

-заштита на срцето во рана фаза на лекување после инфаркт на миокард(срцев удар).

## 2. Што мора да знаете пред да го земете / употребите Prinorm®/Принорм®

**Немојте да го земате / употребувате Prinorm®/Принорм®:**

- Ако сте алергични на атенолол или на некоја од помошните супстанции на лекот
- Ако имате или порано сте имале срцеви проблеми како што се:
  -срцева инсуфициенција(срцева слабост) која не може да се контролира со вообичаена терапија,
  -срцев блок II и III степен (состојба која може да се лекува со пејсмејкер),

-многу споро или неправилно отчукување на срцето,многу низок крвен притисок или слаба циркулација

- Ако имате нелекуван феохромоцитом(тумор во близина на бубрегот кој може да предизвика зголемен крвен притисок).Ако го лекувате туморот,Вашиот лекар ќе Ви препише лек од групата на алфа блокатори кои ќе ги земате заедно со лекот **Prinorm®/Принорм®**
- Ако имате метаболичка ацидоза(нарушување на метаболизмот кој се карактеризира со високи вредности на кисели материи во крвта).

Не земајте **Prinorm®/Принорм®** ако било кое од горе наведеното се однесува на Вас. Ако не сте сигурни,разговарајте со Вашиот доктор или фармацевт при земање на лекот **Prinorm®/Принорм®**.

**Бидете посебно внимателни со Prinorm®/Принорм®:**
Пред започнување на примена на овој лек известете го својот лекар ако имате:
-астма,свирење во градите или некоја алергија(на пример на убод од инсект), ако некогаш сте имале астма или свирење во градите,не го земајте овој лек додека претходно не се посоветувате со лекарот,
-болка во градите позната како Принзметалова ангина,
-слаба циркулација или срцева слабост која е можно да се контролира со вообичаена терапија,
-срцев блок од I степен,
-дијабетес,бидејќи **Prinorm®/Принорм®** може да ја маскира нормалната реакција на организмот на ниско ниво на шеќер во крвта,што може да доведе до појава на забрзан срцев ритам,
-тиреотоксикоза(состојба предизвикана од зголемена функција на штитната жлезда),бидејќи **Prinorm®/Принорм®** може да ги маскира симптомите на ова нарушување,
-имате проблем со бубрезите.Можеби ќе биде потребно да направите контрола во тек на лекувањето.
*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас, било кога во минатото.*

**Земање / употребување на Prinorm®/Принорм®со храна и со напиток**
Земање на лекот **Prinorm®/Принорм®** со храна и пијалок не влијае во значајна мерка на дејството на лекот.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Ако сте бремени,планирате да забремените или доите,морате да се посоветувате со Вашиот лекар пред да почнете да го земате лекот **Prinorm®/Принорм®**.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

- Лекот нема да влијае на способноста за управување со моторни возила или ракување со алат или машини.Меѓутоа најдобро е да почекате додека не видите како лекот дејствува на Вас,пред да се впуштите во овие работи.
- Ако чувствувате вртоглавица или умор во тек на употреба на овој лек,немојте да возите ниту да ракувате со алат или машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Prinorm®/Принорм®**
Не е применливо.

**Земање / употребување на други лекови**
*Ве молиме да имате во вид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*
*Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Известете го Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако до неодамна сте земале некој друг лек,вклучувајќи и лек кој се зема без лекарски рецепт,а особено следните:
-клонидин(лек кој се применува за лекување на хипертензија и мигрена).Ако земате клонидин и **Prinorm®/Принорм®** истовремено,не смеете да престанете со земање на клонидин додека Вашиот лекар не каже кога и на кој начин да го направите тоа,
-верапамил,дилтиазем и нифедипин(за лекување хипертензија и ангина пекторис),
-Дизопирамид,хинидин или амиодарон(за лекување срцева аритмија)
-дигоксин(за лекување срцеви нарушувања)
-адреналин(епинефрин),
-ибупрофен или индометацин(за намалување на болката и воспалителни процеси)
-инсулин или некои од лековите од групата на орални антидијабетици,
-лекови кои се применуваат за олеснување на симптомите на настинка(на пример деконгестив).
Ако треба да се превземе хируршка интервенција,известете го анестезиологот или медицинскиот персонал дека земате **Prinorm®/Принорм®** бидејќи при истовремена примена на овој лек со некои анестетици може да дојде до појава на хипотензија(значителен пад на крвниот притисок).

**3. Како да го земате / употребувате Prinorm®/Принорм®**

*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар.*
Перорална примена.
Таблетата треба да се проголта цела,со малку течност,секој ден во исто време.

*Возрасни*
Хипертензија(зголемен крвен притисок):вообичаена доза е 50-100 mg дневно;
Ангина пекторис (болка во градите):100 mg еднаш дневно или 50 mg два пати дневно;
Срцева аритмија(нарушување на срцевиот ритам):50-100 mg дневно,
Рана терапија на инфаркт на миокардот (срцев удар):50-100 mg дневно.

*Стари лица*
Лекарот може ќе Ви препише помала доза од наведените,особено ако имате ослабена функција на бубрезите.

*Лица со тешки нарушувања на бубрежната функција*
Лекарот може ќе Ви препише помала доза од наведените.

*Деца*
Овај лек не треба да се дава на деца.
*Ако имате впечаток дека ефектот на **Prinorm®/Принорм®** е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале/употребиле поголема доза од Prinorm®/Принорм® отколку што треба:**
Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што Ви е препишано веднаш известете го вашиот лекар или фармацевт.

**Ако сте заборавиле да го земете / употребите Prinorm®/Принорм®**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*
Ако сте пропуштиле да земете доза од лекот **Prinorm®/Принорм®** земете ја што побрзо,но ако времето до земање на следната редовна доза е мало,тогаш почекајте и лекот земете го во вообичаената доза,во редовниот термин.

**Ефекти кога престанува третманот со Prinorm®/Принорм®:**
Не треба да ја прекинете терапијата со лекот **Prinorm®/Принорм®** додека не се посоветувате со Вашиот лекар.Во некои случаи неопходно е постепено намалување на дозата пред престанување на земање на лекот за да не дојде до влошување на симптомите на болеста.

Ако имате било какви додатни прашања за примена на овој лек, известете го Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. Можни несакани дејства (реакции) на Prinorm®/Принорм®

*Како и сите лекови,* ***Prinorm®/Принорм®*** *може да има несакани дејства, но тие не мора да се појавуваат кај сите.*

**Алергиски реакции**

Ако во тек на примена на овој лек забележите промена на кожата,отоци на лицето,усните,јазикот,грлото или некоја друга манифестација на алергиска реакција,веднаш известете го Вашиот лекар.

Останати можни несакани реакции

Чести (се јавуваат кај помалку од едно до десет лица):

-намалена срцева работа.Ова е нормално но ако сте загрижени,разговарајте со Вашиот лекар за тоа,

-ладни екстремитети (раце и нозе)

-дијареа(пролив)

-мачнина

-чувство на умор

Повремени(се јавуваат кај помалку од едно до сто лица)

-нарушено спиење

Ретки(се јавуваат кај помалку од едно до сто лица)

-блокирање на работата на срцето(која може да предизвика вртоглавица,абнормално чукање на срцето ,умор или несвестица),

-трнење и спазам во прстите после што следи топлина и болка(Raynaud-ово заболување)

-промени во расположението,

-ноќни мори

-конфузија

-психоза или халуцинации

-главоболка

-зашеметеност(особено при стоење)

-чувство на трнење по рацете

-импотенција(неможност од постигнување на ерекција)

-сува уста или очи

-нарушување на видот

-проретчување на косата

-кожен исип

-тромбоцитопенија(намалување на бројот на крвни плочки,што доведува до полесно создавање на модрици)

-пурпура(точкасти промени по кожата со виолетова боја)

-жолтица(која предизвикува жолтило на кожата или белките)

Многу ретки(се јавуваат кај помалку од едно до десет илјади лица)

-промени во составот на крвта.Вашиот лекар може често ќе Ви зема крв заради проверка дали **Prinorm®/Принорм®** имал влијание на крвта.

Состојби кои можат да се влошат

Ако имате некои од следните состојби,тие можат да се влошат кога ќе почнете да го земате **Prinorm®/Принорм®**.Ова се случува ретко,кај помалку од едно до илјада лица.

- Псоријаза(кожна болест)
- Останувате без воздух или доаѓа до отекување на прстите(имате неправилна работа на срцето)
- Астма или проблем со дишењето
- Лоша циркулација

Немојте да бидете загрижени за листата на несакани дејства.Можеби нема да почувствувате ниедно од нив.
*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се спомената во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. Чување и рок на употреба на Prinorm®/Принорм®

***Да се чува на места недостапни за деца.***
Да се чува на температура до 25°С,во оригинално пакување,поради заштита од светлина и влага.
Лековите не треба да се фрлаат во канализација,нити во куќен отпад.Прашајте го својот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни.Овие мерки помагаат при зачувување на животната средина.
Неупотребениот лек да се уништи во согласност со важечките прописи.

**Рок на употреба**
4 години.
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*
Рокот на употреба истекува последниот ден од наведениот месец.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено*

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**